Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-5841/1
24-12-2022 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, промет и услуги
ПЕТРА-ГРАНИТ ДОО
увоз-извоз с. Желино
Бр. 24-05/1
24.01. 20 23 год
Желино

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гранит на Друштвото за производство, промет и услуги ПЕТРА-ГРАНИТ увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино на локалитетот „Подмол" с.Подмол, општина Прилеп бр.41-6399/1 од 13 септември 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/22) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Подмол" с.Подмол, општина Прилеп бр.24-5679/1 од 13.11.2014 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за производство, промет и услуги ПЕТРА-ГРАНИТ
увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино
со адреса: Ул.101 бб Желино, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Алма Муратовиќ
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _________ 2022 година во Скопје, склучија:

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГРАНИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ПОДМОЛ" С.ПОДМОЛ, ОПШТИНА ПРИЛЕП

Република Северна Македонија-Repub... МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕК... MINISTRIA E EKO... Скопје

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Подмол" с.Подмол, општина Прилеп бр.24-5679/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

## „Член 3

### Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 30 (триесет) години".

Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Подмол" с.Подмол, општина Прилеп бр.24-5679/1 од 13.11.2014 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Подмол" с.Подмол, општина Прилеп бр.24-5679/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,
Kreshnik Bekteshi

За Концесионерот
Друштвото за производство
промет и услуги
ПЕТРА-ГРАНИТ
увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино
Алма Муратовиќ

Изработил/Përpiloi: Fatmir Shaqiri
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ